Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 31.08.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредн. |
| 25 | - 509/17 | | |

Бр.11- /5132/2
Дата: 24.08.2012 год.

**ДО**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ


Влада на Република Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Даме Груев 14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3106-664
Факс: (02) 3106-406
Е-пошта: mtsp@mtsp.gov.mk
Сајт: www.mtsp.gov.mk


**Предмет: Доставување на забелешки по Нацрт-извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност-ефикасност во исполнување на критериумите и условите во кои функционираат детските градинки при Министерството за труд и социјална политика**

Почитувани,

По однос на доставениот Нацрт-извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност-ефикасност во исполнување на критериумите и условите во кои функционираат детските градинки при Министерството за труд и социјална политика Министерството за труд и социјална политика смета дека наведениот општ впечаток дека зашти та та на децата ( детска заштита) е во сенка, а приоритет и се дава на социјалната заштита не кореспондира со фактичката состојба. Имено:

- Министерството за труд и социјална политика во месец ноември 2011 година вработи раководител на Секторот за заштита на децата. Секторот за заштита на деца покрај Раководителот на сектор, кој што ги извршува утврдените задачи од надлежност на Секторот има и помошник на раководителот на секторот како и двајца раководители на одделенија во рамките на Секторот, а во рамки на Министерството за труд и социјална политика за дејноста заштита на децата има и двајца државни советници, со што дадената констатација не претставува ризик за функционирањето на дејноста.
- Во рамки на Секторот за заштита на децата се следи развојот на дејноста конкретно на згрижувањето и воспитанието на децата во детските градинки. Се врши обработка на податоци за: проектиран и фактички капацитет на установите за деца-детски градинки; опфатени деца и групи според времетраењето на програмата; вработени според работното место, степен на образование, припадност на заедница и статусот, кои податоци се користат за изготвување на

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Програмата за развој на заштита на децата, како и при изготвување на информации, извештаи и анализи.

- Во Министерството за труд и социјална политика е превземена активност за развој на софтверско решение за градинките со кое ќе се добијат податоци за број на деца присутни во градинките на дневна основа, што ќе послужи за планирање на програмите (кратки, долги, скратени итн) како и за евидентирање на потребата за зголемување на капацитетите.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Спиро Ристовски**